Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

10

СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Арх.бр.УПП-16/2023
Дата. 26 -10- 2023

**До**: Македонски информативен центар

**Предмет:** Известување

Почитувани,

Во врска со претставката доставена до Министерството за животна средина и просторно планирање заведена под архивски број УПП-16/2023 на ден 25.08.2023 година, Ве замолуваме да го објавите исходот од постапување по основ на претставката од страна на Секторот за правни и општи работи на веб страната во МЖСПП, со цел јавноста да има увид во истото.

**Раководител на Сектор за правни и општи работи**
Билјана Тешева Ѓоргиевска

**Изработил:** Анета Михајловска


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “PresvetaBogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Арх.бр.УПП-16/2023
Дата. 26 -10- 2023

**Предмет:** Одговор на претставка со арх.бр. УПП-16/2023 од 25.08.2023 година на анонимни граѓани на Општина Штип заведена во архивската евиденција на МЖСПП со арх.бр.УПП-16/2023 на ден 25.08.2023 година во врска со поставување на вентилациона инсталација без соодветна дозвола за истата на К.П 8604, КО Штип 4, ул.„Васил Главинов", бр.16 Б, Општина Штип.

Претставката заведена со архивски број УПП-16/2023 година е доставена од страна на анонимни граѓани на Општина Штип во врска со поставување на вентилациона инсталација без соодветна дозвола за истата на К.П 8604, КО Штип, ул.„Васил Главинов", бр.16 Б, Општина Штип, во објект којшто е во фаза на градење од страна на инвеститорот „Ларс "ДОО Штип која била насочена кон прозорците на станбената куќа на анонимните подносители на претставката, поставена на несоодветна висина.

Секторот за правни и општи работи, Одделение за постапување по претставки предлози во Министерството за животна средина и просторно планирање ја проследи претставката по службена должност до Општина Штип – Сектор за животна средина на надлежност и понатамошшно постапување, како првенствено надлежен орган на државна управа (локална самоуправа) на ден 11.09.2023 година.

Општина Штип, по второто Укажување од страна на Сектор за правни и општи работи на МЖСПП на ден 20.10.2023 година се произнесе со следниот исход од своето постапување:

- овластениот општински инспектор за животна средина, Влатко Панов извршил вонреден инспекциски надзор на ден 07.09.2023 по основ на претходно доставена Иницијатива од страна на подносителот на претставката /анонимни граѓани со арх.бр.23/23-267 од 23.08.2023 година, составен е Записник за вонреден инспекциски надзор со ИП 1 бр.23/23-267 од 11.09.2023 година со конкретен наод и утврдена фактичка состојба
- при инспекцискиот надзор, во правниот субјект - Ларс ДОО Штип со имотен лист бр.21824 за КП 8604 КО Штип 4, ул.„Васил Главинов", бр.16


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Б, Општина Штип е констатирано дека постои објект кој е во фаза на градење и истиот не е во функција (прилог фотографии, фотографирани при самиот увид), исто така е забележано дека на самиот објект има поставено вентилациона цевка која е изработена од лим и истата е поставена до самиот објект. Од страна на овластениот општински инспектор за животна средина било укажано дека вентилацијата треба да биде поставена согласно законските одредби за вентилација, односно треба да биде поставена над самиот објект и на вентилацискиот отвор да бидат инсталирани (поставени) филтри согласно законските одредби за инсталација. Не биле утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор од причини што не се врши дејност во моментот на инспекцискиот надзор, не може да се констатира неправилност. Поднесената иницијатива од страна на анонимниот поднесител по службена должност е препратена на овластениот општински инспектор за негово постапување.Се запира постапката од страна на општинскиот овластен инспектор за животна средина во општина Штип.

Имајќи ја предвид самата предметна содржина на погоренаведената предметна претставка која е во општинска надлежност, односно проследена на надлежност и понатамошно постапување на овластен општински градежен инспектор, Министерството за животна средина и просторно планирање нема надлежност за постапување по основ на истата.

**По овластување на Министер**

**Раководител на Сектор за правни и општи работи**
Билјана Тешева Ѓоргиевска

**Изработил:** Анета Михајловска


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk